

















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# ООУ „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“ УЧЕСНИК ВО ПИОНЕРСКИ ПРОЕКТ

За прв пат, во нашата земја ќе се реализира проект „Програма за зајакнување на семејствата, за родители и млади на возраст од 10 до 12 години“. ООУ „Вера Циривири Трена“ од Карпош е избрано да учествува во истиот со уште десет други училишта на територија на Град Скопје.

Во текот на второто полугодие, сертифицираните обучувачи од ООУ „Вера Циривири Трена“, Јадранка Марос Каракашева, психолог и Наташа Јовковска, наставник по култура на европски цивилизации, ќе реализираат седум сесии-работилници, каде ќе учествуваат младите со своите родители во градењето на здрава платформа при воспитувањето на децата. Целта на проектот е врзивното ткиво, односно родителот и детето, да научат како да изградат или да го одржат мостот на комуникација и доверба, воедно потсетувајќи ги на круцијалните моменти кои се важни при развојот на младите. Овој проект воедно ќе им помогне и на младите како да се спротистават на сите негативни предизвици со кои ќе се среќаваат во текот на животот, со цел да се заштитат од малолетничката деликвенција. Едукативниот проект, кој е во организација на Министерството за правда и Државниот совет за превенција на малолетничко претстапништво, се очекува да донесе висок резултат во комуникацијата на децата со своите родители.



# „ЗДРАВО“ ПРЕДАВАЊЕ НА МАЛИТЕ КАРПОШАНИ

Најмалите карпошани од градинката „Орце Николов“ во Карпош 3, во средата (24.12), научија како здраво да се хранат и колку внимание да посветат на хигиената при внесувањето храна. Преку пропагандни материјали, може да се научи за безбедноста на храната која треба да претпостави здрава иднина. Едукативните предавања ги водеше доктор Ката Стојановска од Агенцијата за храна и ветеринарство, а општинскиот доктор Велибор Стојанов, се приклучи во презентацијата на тема „Хигиенски навики кај децата и безбедност на храна од три до шест годишна возраст“. Презентацијата за добрата хигиенска практика беше наменета за деца до шест годишна возраст, а таа во себе ги вклучи насоките за одржување лична хигиена, за миење на рачиња како и претходно миење на храната пред да се конзумираат (овошје и зеленчук), и како да се чува истата. На едукативната презентација присуствуваше и М-р Ирена Калајџиева-Милевска, која е овластено лице за контрола и безбедност на храна в градинките и основните училишта на територија на општина Карпош, од одделението за социјална, детска и здравствена заштита при општина Карпош. Оваа програма е во организација на Агенцијата за храна и ветеринарство.












# УСВОЕН БУЏЕТОТ НА КАРПОШ ЗА 2015 ГОДИНА

Со мнозинство гласови, во средата (24.12) попладне, советниците на Општина Карпош дадоа „виза“ за предлог буџетот на Општината за наредната 2015 година. На 26-тата седница на Советот на Општина Карпош, беше изгласан новиот буџет за 2015 година, откако советниците од сите советнички групи ги усвоија поединечно предложените програми за урбанистичко планирање, во областа на заштита на животната средина и природата и енергетската ефикасност, во областа на развојот на општината, за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2015 година.

„Зелено светло“ добија и програмите за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош, потоа за активностите на Општина Карпош во областа на културата, како и во областа на спортот, детска, социјална и здравствена заштита и во областа на образованието. На седницата минаа и програмата за активностите во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра, програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија, за активностите во областа на месна самоуправа за 2015 година како и програмата за активностите во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош. Конечно, беше усвоена и Предлог-програма за одбележување на 39 годишнината на Општина Карпош.

На обидот за проблематизирање на буџетот за идната година од страна на советниците од опозициската СДСМ, раководителката за финансии при Општина Карпош им образложи дека станува збор само за „преточување“ на претходно едногласно прифатените програми од споменатите сектори и области во финансиски ставки односно дека секоја од усвоените програми без дискусија имаат финансиски импликации за нивната реализација и тие се едноставно преточени во буџетот за 2015 година. Советниците на Карпош денес донесоа и Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата од Буџетот на Општината откако денес, на општинската сметка „легнаа“ блок дотациите во износ од



9,6 милиони денари од страна на Владата на Република Македонија за конкретни намени како: затоплување, електрична енергија, ѓубретарина и водовод и канализација за основните училишта и за градинките. Со овие средства ќе може да се покријат дел од доспеаните обврски за „режиските трошоци" на предучилишните и училишните установи на територијата на Карпош.

Со мнозинство гласови на владејачката коалиција во Советот на Карпош, но и со наведнати глави на поголемиот број од опозициските советници беше усвоен и Извештајот на Комисијата за преиспитување на инцидентот настанат на 23-та седница на Советот, кога двајца советници од СДСМ од Карпош се обидоа да инфилтрираат вработен од Паркинзи Центар лажно претставувајќи го како новинар на редакцијата „Вечер" со цел да направат инцидент и прекин на работата на Советот на Општина Карпош.

Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски на седницата ги информираше советниците дека на Владата ќе и ги понуди проектите за гасификација на Општина Карпош кои се веќе изготвени и кои чинат околу 50.000 евра со цел гасификацијата да почне токму од оваа општина која е најнапредна во подготовките на овој план, посебно што гасификацијата во главниот град ќе биде водени од централно ниво, односно од Град Скопје.

Следната седница на Советот на Општина Карпош е закажана за вторник- 30 декември.



# НОВОГОДИШЕН БАЗАР ВО ООУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“

Предновогодишната еуфорија продолжува низ просториите во основните училишта. На 24 овој месец, во холот на ООУ„Димо Хаџи Димов“, се одржа Новогодишен базар. Учениците имаа можност да ги презентираат и изложат за продажба изработените новогодишни честитки и најразновидните украси кои ги правеа заедно со родителите и наставниците. На базарот исто така се продаваше и храна направена од самите ученици со сесрдна помош на родителите. Средствата собрани од овој Новогодишен базар, ќе бидат наменети за оние на кои им се најмногу потребни.



# ОСНОВЦИТЕ ОД ООУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ“ СЕ ЕДУЦИРАА ЗА ЗДРАВАТА ИСХРАНА

Учениците од VI-2 одделение од основното училиште „Петар Поп Арсов“ во четвртокот (25.12) имаа несекојдневна можност да се запознаат со благодетите на здравата храна, но и со значењето на билките и нивните лековити дејства. По иницијатива на наставничката по англиски јазик Александра Кузмановска, за прв пат во Градот се одржа предавање за здрава исхрана кое го презентираше предавачот м-р Драган Јованов, асистент на Факултетот за менаџмент на еколошки ресурси и храна и безбедност при универзитетот МИТ. Тој на интересен и пред сè прилагоден начин им овозможи на најмладите да научат нешто повеќе и да им ги приближи билките кои досега беа посвојствени за возрасните. Огромна радост предизвика моментот кога присутниот гостин за сите ученици приготви убави чајчиња кои учениците можеа да ги пробаат и да се уверат во убавиот вкус и арома. Вториот дел од предавањето се однесуваше на значењето на здравата храна и важноста на нејзиното секојдневно консумирање. Беа истакнати видовите храна кои треба да се избегнуваат, а кои треба да бидат дел од правилната исхрана особено кај децата на нивна возраст. За време на целото предавање учениците несебично учествуваа во бројните дискусии и покажаа огромно познавање и желба да научат повеќе.





# КАБАДАХИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА СЛОБОДЕН ПЕЧАТ

Општина Карпош официјално реагира на текстот на новинарката Маја Васева „Кабадахиско однесување и дрзок мобинг во Советот на Општина Карпош“ објавен во изданието на весникот Слободен печат од 26 декември 2014 година. Станува збор за класични дезинформации и непрофесионално известувања од страна на новинарката Васева со тендециозно клеветење и говор на омраза.

Имено, новинарката која беше најуредно поканета и удостоена со сите материјали и контакти кои ги побара на самата седница, наместо известување од настан, односно од 26-тата седница на Советот на Општина Карпош, пласира крајно малициозен памфлет со однапред креирани ставови на осуда и погрди кон Општина Карпош. Уште во самиот наслов инпутира и употребува контроними „дрзок мобинг“ (како да може мобингот да биде обѕирен?!) за да натаму, од почеток до крај, во текстот изнесува „рекла-казала“ ставови и невистини, исклучиво еднострани лични ставови и перцепции, исклучиво апологетски и во полза на опозициските советници од СДСМ. Она што е најзагрижувачки е моментот што новинарката е една од најредовните известувачи од седниците на Советот на Карпош , а упорно пласира дезинформации, како последнава, дека Благоја Неделковски е советник од ГРОМ, иако станува збор за советник на ВМРО-ДПМНЕ, што по две години функционирање и известување, минимум професионалност е да се научи или евентуално да се прашаат надлежните служби, со цел веродостојно да се информира. Околу цинизмот, пикантериите недостојни за професионален новинар не би сакале да коментираме, иако останува впечатокот дека Васева известува како да се случиле две различни седници на Советот на Карпош, една на која била таа, друга на која се расправаше за програмите за работа на секторите за следната 2015 година и новиот Буџет на Општината. Единствено сме благодарани на коректната фотографија која ја пренесува Слободен печат на која се гледа како советничката од СДСМ Магдалена Несторовска и нејзините колеги гласаат „за“ програмите за работа на секторите и одделенијата во Општина Карпош, за веднаш потоа кога преку гласањето за Буџетот се одобрува нивната финансиска реализација и имплементација гласаа против, што уште еднаш говори за нивната „конструктивност“ во работата на Советот. Инаку за ваквите известувања и пишувања свој став очекуваме да имаат и Советот на честа и ЗНМ.

# КАРАВАНОТ НА ДЕДО МРАЗ ВО КАРПОШ

Во петокот (26.12) и официјално Дедо мраз пристигна во општина Карпош. Најпрво нагости им отиде на дечињата од градинките. Со прекрасна новогодишна претстава, децата од градинката „Орце Николов“ заедно со гостинчињата од едукативниот центар во Бардовци „Монтесори“, ја испратија старата 2014 година.

Со новогодишни песнички, „Елко-елко“, „Среќна Нова Година“, „Ангелчето со црвено носе“ и многу други, најмалите дечиња од три до шест години, ги кренаа своите рачиња и силно се надвикуваа и пееја пред Дедо Мраз. Дечињата ги изненади доаѓањето на англечето, ирвасот, Баба мразицата а особено пристигнувањето од далечната Лапонија на долгоочекуваниот Дедо мраз кој им ги исполнува новогодишните желби и кој најмногу ги сака. Малите помошници на Дедо Мраз заедно ја испратија старата 2014 година и го најавија пристигнувањето на новата 2015 година со смеа и детски џагот на сиот глас. Караванот на Дедо Мраз продолжува низ Карпош и тој ќе ги посети сите дечиња од најмала возраст во десетте градинките кои се наоѓаат на територија на Општината.











# НОВОГОДИШЕН БАЗАР ВО ООУ „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“

Основците од ООУ „Вера Циривири Трена“ креативни за новогодишните празници. Под мотото „Од раце наши, за новогодишни радости ваши“, во петокот (26.12) се одржа традиционалниот новогодишен базар, кој секоја година е со свој предзнак. Оваа година тој е наменет за учениците од ова училиште и нивните потреби од нагледни средства и друг прибор во образовниот процес. Во исто време, тој беше наменет и за проширување на соработката со родителите како и нивно активно учество и партиципирање во слободните ученички активности како дел од проектот на МОН.

Голем дел од подготовките за базарот беа во училниците, а оваа година своите кулинарски вештини учениците ги претворија во практика. Во домашна атмосфера, со меѓусебна дружба се работеа интересни креативни рецепти, кои како продукти ги продаваа на базарот заедно со своите наставници кои ја збогатија атмосферата. На лицата на родителите имаше гордост, а училиштето заедно со сите вработени, ученици и родителите, бабите, дедовците и понекој љубопитен минувач ја почувствуваа атмосферата на предновогодишна купувачка треска.









# ПРАЗНИЧНА АТМОСФЕРА ВО СЕКОЕ СЕМЈЕСТВО

Насмевки на лицата кај социјално загрозените семејства, во неделата (28.12) се забележаа во урбаната заедница Влае 1 каде се делеа хуманитарни пакети. Во рамките на 14-тата хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“, граѓаните на Карпош и пошироко, минатиот викенд имаа можност да донираат трајни производи за весели празнични денови на овие семејства на територија на општина Карпош. Градоначалникот, Стевчо Јакимовски, во неделата, пак, ги подели хуманитарните пакети и воедно ги израдува и најмалите со делење на новогодишни пакетчиња. -Овие хуманитарни пакети се собрани од граѓаните на општина Карпош како и вработените во локалната самоуправа, за помош на оние граѓани кои случајно или неслучајно се нашле во малку потешка материјална состојба. Нашата цел е со овие пакети колку-толку може полесно да се поминат Новогодишните и Божиќните празници. Оваа акција продолжува и по празниците, бидејќи имаме околу 200 социјални семејства на територија на општина Карпош, а сега се собрани околу 120 пакети. Се надевам дека ќе успееме, заедно со фирмите, граѓаните како и Општината, да помогне при донирање на социјални пакети за секое семејство да може да добие по еден пакет и скромно да се поминат претстој ните празници. Се надеваме дека ова што се случува кај одредени семејства е од времен карактер, дека лошото ќе помине и ќе дојдат подобри денови – рече Јакимовски и им посака Среќна нова година и убави Божиќни празници на сите православни христијани.










ВИ БЛАГОДАРИМЕ
НА ХУМАНОСТА
СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ
И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски

Општина Карпош





*Новата 2015 година*

*нека Ви биде година на љубов, успех и здравје.*

*Мир, радост и благосостојба во Вашите семејства.*